# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 28.9.2018 год.<br>Скопје<br>Број 17 год. XIII | Претплатата за 2017 год. изнесува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |



www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


септември, 2018 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за прифаќање донација на прочистувачи на воздух за ЈУДГ ОЦ „13 Ноември"-Скопје (објект „Парк"), со Решение за објавување ....... 1 - 2

- Јавна објава ......................................................................................... 3 - 4

ИЗДАВАЧ: ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ, ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
ГОРАН МИЦЕВСКИ УЛ. „МИХАИЛ ЦОКОВ" Б.Б.-СКОПЈЕ,
ТЕЛ. 3 203-667 и 3 203-613 орган на Општина Центар-Скопје, Тираж 70 примероци

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за прифаќање донација на прочистувачи на воздух за**
**ЈУДГ ОЦ „13 Ноември"-Скопје**
**(објект „Парк")**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација на прочистувачи на воздух за ЈУДГ ОЦ „13 Ноември"-Скопје (објект „Парк"),

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на осумнаесеттата седница, одржана на 18.9.2018 година и на 27.9.2018 година.

Бр. 09-4234/3
28.9.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 26 од Статутот на Општина Центар- Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на осумнаесеттата седница, одржана на 18.9.2018 година и на 27.9.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација на прочистувачи на воздух**
**за ЈУДГ ОЦ „13 Ноември"-Скопје**
**(објект „Парк")**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје прифаќа донација од ВАУРОН ДОО Скопје на 8 уреди за прочистување на воздухот модел ВА-ХАП 001 наменети за Јавната установа за деца Детска градинка на Општина Центар „13 Ноември"-Скопје (објект „Парк").

.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот да го потпише Договорот за донација со ВАУРОН ДОО Скопје.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја реализира оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-4234/2
27.9.2018 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска с.р.

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. ИП1 бр. 33-166 од 22.08.2018 г.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 134 став 1, алинеја 1и член 137 став 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18) овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**1.СЕ НАРЕДУВА НА НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР,** по приемот на ова решение, **во рок од ДВА ДЕНА, да ја ОТСТРАНИ градбата –** импровизиран објект од мешовит градежен материјал, објект од втора категорија со димензии 6,00 x 7,50 м2 на бул. Кузман Јосифовски Питу бб, на земјиште сопственост на Р. Македонија, КП бр. 12636/4, КО ЦЕНТАР 1, Скопје, воведено во градежен дневник бр. 19 од 22.08.2018 година.

2. Ако градбата не се отстрани во определениот рок, ќе се пристапи кон присилно административно извршување на градбата.

3. Трошоците за извршување на решението се надоместуваат од извршеникот.

4. Жалбата против ова решение не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, постапувајќи по службена должност/пријава, изврши увид на лице место и констатира со Записник за констатација бр. 33-Ип1-166 од 23.08.2018 година, градежен дневник број 19 од 22.08.2018 г, дека **НЕПОЗНАТ ИНВЕСТИТОР** на бул. Кузман Јосифовски Питу има изведено објект од мешовит градежен материјал со димензии 6,00 x 7,50 м2, КП бр. 12636/4, КО ЦЕНТАР 1, Скопје.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, согласно член 137 став 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ"130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16), не го одлага извршувањето на решението.

Со оглед на тоа што при инспекцискиот надзор е утврдено дека градителот ја изградил градбата без одобрение, согласно член 134, став 1, алинеа 1 од Законот за градење ("Службен весник на РМ"бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16) се донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапкаво рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.

Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**дипл. инж. арх. Милан Пижула**

ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
Бр. Ип1 33- 166 од 23.08.2018 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18) овластениот градежен инспектор во Општината Центар-Скопје, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
- за дозвола на извршување -

1. **СЕ УТВРДУВА** дека решението бр. ИП1 33 - 166 од 22.08.2018 год. донесено од страна на овластениот градежниот инспектор во Општина Центар – Скопје, е **ИЗВРШНО** и се допушта неговото административно извршување.

2. **СЕ НАЛАГА** на извршеникот НЕПОЗНАТ **ИНВЕСТИТОР, ВО РОК ОД 3(ТРИ) ДЕНА** по приемот на овој Заклучок сам да ја **ОТСТРАНИ** градбата: импровизиран објект од мешовит градежен материјал, објект од втора категорија со димензии 6,00 х 7,50 м2 на бул. Кузман Јосифовски Питу бб, на земјиште сопственост на Р. Македонија, КП бр. 12636/4, КО ЦЕНТАР 1, Скопје, воведено во градежен дневник бр. 19 од 22.08.2018 година, или го допушти неговото присилно административно извршување.

3. До колку извршеникот не постапи по овој Заклучок, извршувањето ќе се спроведе по присилен пат за сметка на извршеникот.

4. Жалбата изјавена против овој Заклучок не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Овластениот градежен инспектор во Општина Центар-Скопје, со решение уп. бр. ИП1 33-166 од 22.08.2018г., му наложи на непознат инвеститор, да ја **ОТСТРАНИ** градбата – импровизиран објект од мешовит градежен материјал, објект од втора категорија со димензии 6,00 х 7,50 м2 на бул. Кузман Јосифовски Питу бб, на земјиште сопственост на Р. Македонија, КП бр. 12636/4, КО ЦЕНТАР 1, Скопје, воведено во градежен дневник бр. 19 од 22.08.2018 година.

Во конкретниот случај изјавената жалба против првостепеното решение со кое се наредува отстранување на градбата, а чие извршување се допушта со овој Заклучок, согласно член 137 алинеа 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16) не го одлага извршувањето на решението.

Поради тоа во оваа управна работа првостепеното решение во смисла на одредбите на член 142 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16) станува извршно со доставување заклучок на странката на која се однесува решението.

Бидејќи споменатото решение станало извршно се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение недоволната странка има право на жалба до Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение.
Жалбата се таксира со 200,00 денари по тарифен број 94 од Законот за изменување и дополнување за административни такси (Службен Весник на РМ број 6 од 15.01.2010).

**ОВЛАСТЕН ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР**
**дипл. инж. арх. Милан Пижула**